**Преглед на имплементацијата на Конвенцијата – Втор циклус (глави II и V)**

Статус: Во завршна фаза

Држави чии експертски тимови го спроведоа прегледот: Црна Гора и Молдавија

Нацрт извршно резиме од извештајот од спроведениот преглед (**АНГ**)

Координатор на процесот: Елена Димовска
Контакт: ElenaDimovska@mjustice.gov.mk

Преглед на спроведени поважни активности од страна на Тимот владини експерти:

- Известување за почеток на процесот за вршење на само-оценката за имплементацијата на Конвенцијата, со повик до сите заинтересирани поединци и организации да се информираат во врска со активностите во рамки на процесот преку координаторот на процесот (Министерство за правда) – септември 2017 година;
- Иницијален состанок - средба помеѓу членовите на Тимот владини експерти и претставници од заинтересирани и поканети граѓански организации и бизнис асоцијации – 18 септември 2017 година;
- Работилница за размена на мислења со граѓански организации и бизнис асоцијации по однос на имплементацијата на Конвенцијата, во деловите глава II и глава V – 31 октомври 2017 година;
- Иницијална трилатерална телеконференција на експертските тимови – 1 декември 2017 година;
- Доставен одговорен прашалник за самооценка на имплементацијата на Конвенцијата – 5 јануари 2018 година;
- Експертска посета за преглед на имплементацијата на Конвенцијата – 15-17 мај 2018 година;
- Посебен состанок на претставници на академската заедница, заинтересирани граѓански организации и бизнис асоцијации со странските тимовите експерти кои го вршат прегледот, во рамки на експертската посета – 17 мај 2018 година;
- Преговори по однос на извршното резиме – 23 април – 9 декември 2019 година;
- Објавен нацрт текст на извршното резиме – 12 декември 2019 година;